Јавно комунално претпријатие
ГАЗИ БАБА-2007
Бр. 02-182/3
10.12 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" брбр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04) член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Јавното комунално претпријатие, Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007"-Скопје на својата седница одржана на ден 10.12.2018 година донесе

# О Д Л У К А

За утврдување на висина на комунална услуга-за приклучок на вода за пиење за населените места Булачани и Раштак- висока зона Општина Гази Баба.

**Член 1**

Се утврдува висината на комунална услуга- за приклучок на вода за пиење за физички и правни лица за населените места Булачани и Раштак- висока зона Општина Гази Баба, и тоа **200 € (евра)** во денарска противвредност со вклучен ДДВ.

Плаќањето на приклучокот ќе биде на 24 (дваесет и четири) рати, кои ќе бидат вкалкулирани во сметките за испорачаната вода за пиење на корисниците.

**Член 2**

Обврска на ЈКП"ГАЗИ БАБА-2007"- Скопје е да изврши монтажа на приклучокот со сопствен материјал и тоа:

Огрлица, редуцир, полуспојка, црево, вентил, водомер и холендери, заклучно со влезниот вентил во водомерната шахта, со вкупна должина на линија до 12 метри.

**Член 3**

Доколку корисникот нема водоводна шахта, а истиот има потреба од ископ за истата, ископот ќе го изврши ЈКП ГАЗИ БАБА-2007 Скопје без надомест.

**Член 4**

Се задолжува Директорот на Претпријатието, согласно член 11 точка 5 од Законот за Јавни претпријатија и член 23 точка 5 од Статутот на Претпријатието да ја достави оваа Одлука до Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од страна на основачот-Советот на Општина Гази Баба.

Со донесување на оваа Одлука престануваат да важат Одлуките 02-109/4 од 30.10.2009 година, Одлуката 02-146/3 од 05.10.2018 година.

ЈКП "ГАЗИ БАБА-2007"
УПРАВЕН ОДБОР
Претседател

_______________________